ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 17698/2***
***27.08.2009 година***
***С к о п ј е***

**_ЗАПИСНИК_**
**_од LIX -та седница на Управниот одбор на_**
**_Фондот за здравствено осигурување на Македонија,_**

*одржана на 27.08.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Г.Трајче Леов, преставник на Стопанската комора на Македонија - член*
- *Д-р Горан Коевски, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ во оставка;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за човечки ресурси;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на оддел за договори од примарна здравствена заштита, во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Д-р.Беким Сали ја отвори седницата, и утврди дека се присутни сите седум членови на Управниот одбор, при што констатира дека се исполнети условите за полноважно работење и одлучување и го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*1.Одлука за распишување на конкурс за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за формирање на Комисија за спроведување на постапката за објавување на конкурсот, приемот на пријавите и изготвување на Листа на пријавени кандидати*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложенот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*1.Одлука за распишување на конкурс за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за формирање на Комисија за спроведување на постапката за објавување на конкурсот, приемот на пријавите и изготвување на Листа на пријавени кандидати*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точката на дневниот ред*

*1.Одлука за распишување за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за формирање на Комисија за спроведување на постапката за објавување на конкурсот, приемот на пријавите и изготвување на Листа на пријавени кандидати*

*Директорот во оставка Георги Тренкоски ги информираше членовите на Управиот одбор за поднесената оставка од функцијата Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија доставена до Владата на РМ која е прифатена со решение бр.33-4323/1 од 24.08.2009 година кое влегува во сила со денот на донесувањето. При тоа нагласи дека не се повлекува поради било какови притисоци односно дека поднесената оставка е исклучиво од лични причини. Укажа на тоа дека моментално Фондот за здравтсвено осигурување е без еден директор и дека треба што побргу да се постави Вршител на должноста (ВД) директор до именување на нов директор по распишан конкурс. Го пренесе ставот на Владата на РМ дека конкурсот се однесува само за едно лице при што рокот за пријавување на кандидатите изнесува 45 дена од денот на објавување на конкурсот. Се заблагодари на сите присутни и се наврати наназад во 2006 година каде затекнал катастрофална сосотојба во здравството и дека е неверојатно тоа што до сега се постигнало.Смета дека ги остварил сите цели што ги поставил во 2006 година за што посебно се заблагодарува на Директорот Јанез Јелникар и на менаџментот. Потенцира дека Фондот е стабилна финансиска институција и очекува и понатаму да постигнува солидни резултати. Укажаа дека сега целокупната одговорност и менаџирање со Фондот останува на Директорот Јанез Јелникар со кого имал одлична соработка и секоја одлука им била донесувана со заеднички консензус,*

*со оглед на тоа дека назначениот ВД директор нема легитимитет да донесува значајни одлуки. Изрази голема благодарност до членовите на Управниот одбор за нивниот професионализам во работењето и одличната соработка како и тоа дека не постои Управен одбор кој има поодговорна работа. Исто така нагласи и за одличната соработка што ја имал со Министрите за здравство, а особено со сегашниот Министер за здравство Бујар Османи кој е исклучителна личност и многу го почитува.*

*Функцијата директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за него е врвен предизвик каде го употребил целокупното негово познавање од областа на менаџерското работење.*

*Претседателот Д-р.Беким Сали го потврди ставот на Владата на РМ дека конкурсот за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се однесува за едно лице при што рокот за пријавување на кандидатите изнесува 45 дена од денот на објавување на конкурсот.*

*Г.Трајче Леов, преставник на Стопанската комора на Македонија, укажа на тоа дека лично не се согласува со одлуката на Директорот во оставка Георги Тенкоски да си замине и не ја подржа неговата оставка. Исто така напомена дека како член на Управниот одбор поминале заедно многу работи и донесле многу тешки одлуки за што беше подфалено и од јавноста. Се надева дека другиот директор кој ќе биде именуван ќе продолжи да работи успешно.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии, истакна дека како преставник од Министерството за финансии во 2005 - 2006 година при аранжманите со ММФ најголем финансиски ризик се гледаше во Фондот за здравствено осигурување на Македонија кој морал да биде консолидиран. Истакна дека директорот во оставка Георги Тренкоски има добра особина и се снаоѓа и успешно решава многу конфликтни ситуации како и тоа дека имале добра соработка во подобрување на финансиската состојба на Фондот. Напомена дека се работи за тешка и одговорна функција која неможе континуирано да се извршува 3 години при што предложи менаџерските договори да се прават на 1 година со можност за продолжување. Му се заблагодарува и му посакува успех во понатамошната работа.*

*Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ; напомена дека во периодот од 2006 година не бил во Фондот и не го поминал тој период но по неговото доаѓање бил изненаден за стабилноста на менаџерскиот тим кој функционира перфектно. Го потенцираше конфликтот со ЈЗУ кој функционираат под други принципи за разлика од приниципите на Фондот. Истакна дека се направени многу позитивни резултати кои ќе продолжат и понатаму. Му се заблагодари за успешната соработка на директорот во оставка Геори Тренкоски и напомена дека посебно ќе му биде тешко да ги менаџира работите кои директорот во оставка Геори Тренкоски ги преземаше како свои обврски.*

*М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, истакна дека бил изненаден од веста дека директорот во оставка Геори Тренкоски поднесол оставка баш во моментот кога има стабилизација во Фондот. Укажа на тоа дека како преставник на Управниот одбор на Фондот работеле заедно посвеувајќи се целосно на работата првенствено во интерес на осигурениците.*

*Д-р Горан Коевски преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија, истакна дека има најкраток стаж како член на Управниот одбор на Фондот но има многи што да каже. Укажа на тоа дека ваква тимска работа во досегашното негово работно искуство нема сретнато и материјалите кои беа доставени до Управиот одбор беа детално образложени и исцрпени до крајност.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, го потврди фактот дека долговите на Фондот успеаа да се санираат и се многу намалени од 2006 година и е задоволен од соработката со менаџментот на Фондот кој бележи позитивен тренд и позитивно работење. Особено се заблагодарува на соработката со Директорот во оставка Георги Тренкоски за кого смета дека е еден успешен менаџер.Исто така напомена дека согласно член 16 од Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со одлука распишува конкурс за именување на директор и имемнува конкурсна комисија, која е должна да ја спроведе процедурата за објавување на конкурсот, приемот на пријавите по истиот и изготвувањето и доставувањето на листата на пријавените кандидати и дека претседателот и членовите се именуваат од членовите на Управниот одбор.*

*Лазар Трајчев, директор на сектор за правни работи; подетално го образложи членот 57 од Законот за здравствено осигурување за распишување на конкурсот за именување на директор и за начинот и процедурата која подетално е наведена во член 16 од Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Исто така потврди дека треба да се именува Конкурсна комисија која се сосотои од претседател и четворица членови кои се именуваат од членовите на Управниот одбор и е должна да ја спроведе процедурата за објавување на конкурс и да изготви и достави листа на пријавени кандидати до Управниот одбор. Напомена дека конкурсот се објавува во два дневни весници од кои во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и на весниците што се издаваат на јазникот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазник различен од македонскиот јазик. Потенцира и на тоа дека Управниот одбор, Листата на пријавени кандидати и целокупната документација по конкурсот ги доставува до Министерот за здравство кој по негов предлог, Владата на РМ именува директор на Фондот. Со цел да се запази законската процедура предложи да се усвои Одлуката за распишување на конкурс за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и формирање на Комисија за спроведување на постапката за објавување на конкурсот, приемот на пријавите и изготвување на листа на пријавени кандидати која е на дневен ред.*

*Д-р Горан Коевски, бараше подетално да се објасни улогата на Конкурсната комисија односно дали истата ќе има само техничка улога која ќе ги прибира пријавите на кандитатите и ќе изготви Листа на пријавени кандидати која ќе се достави до Управниот одбор на Фондот или ќе имаа овластување да оценува дали некој од кандидатите ги исполнува условите.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, исто така се надоврза на предходното прашањето поставено од страна на Др. Горан Коевски и бараше подетално објаснување за надлежностите кои ги има Конкурсната комисија.*

*Лазар Трајчев, одговори дека во Законот за здравствено осигурување не е наведена Конкурсната комисија односно нејзиното формирање и надлежност подетално е разработено во Статутот на Фондот за здравствено осигурување во кој не е наведено дека истата има овластување да оценува дали некој од пријавените кандидати ги исполнува условите или не односно нејзината задача е да изготви Листа на пријавени кандидати која ќе ја достави до Управниот одбор.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, за претседател на Конкурсната комисија го предложи Др.Беким Сали, а за останатите членови ги предложи: Г.Трајче Леов, Др.Љубиша Каранфиловски, Др.Горан Коевски и М-р.Борис Јосифовски.*

*Слаѓана Пешевска, директор на секторот за човечки ресурси; до Конкурсната комисија достави текст на Конкурс за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија огласен во 2007 година и предложи посебниот записник на Конкурсната комисја ќе го води Даниела Јовческа Ѓуровска - шеф на оддел за примарна здравствена заштита при Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Членовите на управниот одбор го подржаа предлогот.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

1. ***Се распишува конкурс за именување на Директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

2. ***Се формира Комисија за спроведување на постапката за објавување на конкурсот, приемот на пријавите и изготвување на Листа на пријавени кандидати***

*Управниот одбор во 14,00 часот заврши со работата на LIX -та седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар;*** | ***Управен одбор*** |
| ***Даниела Јовческа Ѓуровска*** | ***Претседател;*** |
| | ***Беким Сали*** |